Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.143/19, бр.14/20 и 208/24), член 50 став (1) точка 12 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 36 став (1) алинеја 7 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе:

# П Р А В И Л Н И К
## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Валандово

### Член 1

Со овој Правилник се врши изменување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Валандово, број 01-608/3 од 10.07.2019 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Валандово, број 01-994/1 од 30.12.2020 година, Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Валандово, број 01-474/1 од 26.05.2021 година, Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Валандово, број 01-700/1 од 20.07.2022 година, Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Валандово, број 01-1117/1 од 07.12.2022 година, Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Валандово, број 01-303/1 од 16.03.2023 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Валандово, број 01-353/1 од 29.03.2023 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Валандово, број 01-622/1 од 12.06.2023 година, Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Валандово, број 01-760/1 од 17.07.2024 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Валандово, број 01-1305/1 од 05.12.2024 година.

### Член 2

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ВАЛАНДОВО, во точка 1 **„Одделение за правни и општи работи, јавни дејности и човечки ресурси“,** по работното место со реден број 4-а. Назив на работно место – Соработник за организирање и координирање на помошно технички работи, со шифра УПР 01 01 В03 000, се додава ново работно место, со реден број 4-б, кое гласи:

| Одделение за правни и општи работи, јавни дејности и човечки ресурси | |
|---|---|
| Реден број | 4-б |
| Шифра | УПР 01 01 В03 000 |
| Ниво | В3 |
| Звање | Соработник |
| Назив на работно место | Соработник за давање на правна и административно – стручна поддршка |
| Број на извршители | 1 |
| Одговара пред | Раководителот на одделението |
| Вид на образование | Општествени науки (Право) |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Активно, ефикасно, ефективно и навремено извршување на работи и работни задачи во насока на квалитетно управување со секојдневното работење на одделението, вршење на работи и задачи кои се однесуваат на постапување по барања доставени во општината, како и давање помош за ефикасно извршување на надлежностите во другите одделенија во рамки на општинската администрација |
| Работни задачи и обврски | -ги следи и проучува законските прописи и другите општи акти од областа на локалната самоуправа;<br>- постапува по доставени барања од граѓани, здруженија и сл.;<br>- врши проверка на податоците во соодветните органи, поврзани со одговор на доставените барања;<br>- изготвува стручни мислења по барање на органите на Општина Валандово и одделенијата во рамки на општинската администрација во врска со примената на законите и другите прописи;<br>- извршува други работи утврдени со актот за систематизација на работните места во Општината. |

**Член 3**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ВАЛАНДОВО, во точка 1 **„Одделение за правни и општи работи, јавни дејности и човечки ресурси“,** по работното место со реден број 5-б. Назив на работно место – Самостоен референт за прием и упатување на странки, со шифра УПР 01 01 Г01 000, се додава ново работно место, со реден број 5-в, кое гласи:

| Одделение за правни и општи работи, јавни дејности и човечки ресурси | |
|---|---|
| Реден број | 5-в |
| Шифра | УПР 01 01 Г01 000 |
| Ниво | Г1 |
| Звање | Самостоен референт |
| Назив на работно место | Самостоен референт за организациска поддршка |
| Број на извршители | 1 |
| Одговара пред | Раководителот на одделението |
| Вид на образование | Вишо, Средно гимназиско образование или средно стручно образование |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Активно, ефикасно, ефективно и навремено вршење на сложени помошно-технички и организациски работи и задачи под надзор на раководителот на одделението |
| Работни задачи и обврски | -подготвува материјали, документи и податоци во врска со реализацијата на работите од делокругот на организационата единица;<br><br>-извршува организациско - технички работи во одделението;<br><br>-учествува во изработката на информативни текстови и материјали;<br><br>-учествува во подготовка на настани, собири и други различни приеми и посети на општината;<br><br>-врши стручна помош за прашања од делокругот на одделението. |

**Член 4**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ВАЛАНДОВО, во точка 2 **„Одделение за финансиски прашања и јавни набавки“,** работното место со реден број 21. со шифра УПР 01 01 Г02 000, Назив на работно место - Виш референт - благајник, се брише.

**Член 5**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ВАЛАНДОВО, во точка 4 **„Одделение за инспекциски надзор - инспекторат“,** работното место со реден број 32. со шифра ИНС 01 01 В01 001, звање Советник инспектор, со назив на работно место – Овластен инспектор за утврдување и наплата на даноци, се брише.

**Член 6**

Согласно извршените измени и дополнувања во интегралниот текст на Правилникот, се вршат измени и дополнувања и на табеларниот преглед кој е составен дел на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Валандово.

**Член 7**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за јавна администрација.

Архивски број: 01-327/1
Датум: 03.03.2025
Валандово

ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Градоначалник
Перо Костадинов